**СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ**

**од Деветтото продолжение на Шеснаесеттата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 20 февруари 2007 година**

Седницата се одржа во сала 1 на Собранието на Република Македонија, со почеток во 15.09 часот.

Седницата ја отвори и на неа претседаваше Бесим Догани, потпретседател на Собранието.

**Бесим Догани:** Ги молам пратениците да влезат во салата, продолжуваме со Шеснаесеттата седница на Собранието на Република Македонија.

Пратениците Абдулади Вејсели, Блерим Беџети, Сафет Незири, Џевад Адеми, Рафис Алити, Теута Ариви, Али Ахмети, Агрон Буџаку, Фазли Велиу, Садула Дураку, Зумрете Јакупи, Аднан Јашари, Азис Положани, Селвие Салиу, Ајше Селмани, Тахир Хани, Љубчо Георгиевски, Арбен Џафери, Мендух Тачи, Даут Реџепи, Ристо Пенов, Фијат Цаноски, Радмила Шеќеринска, Илинка Митрева, ме известија дека се спречени да присуствуваат на седницата.

**Минуваме на точката 9-Предлог за донесување закон за јавна внатрешна финансиска контрола, со Предлог на закон.**

Предлогот за донесување на законот, со Предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието ви се доставени односно поделени.

Отворам, претрес по Предлогот за донесување на законот.

Молам, кој бара збор?

Има збор заменик министерот за финансии, повелете.

**Предраг Трпески:** Благодарам потпретседателе, почитувани пратеници.

Процесот на зајакнување на јавната внатрешна финансиска контрола во Република Македонија започна уште во 2004 година кога Собранието на Република Македонија го донесе Законот за внатрешна ревизја во јавниот сектор.

Меѓутоа, по донесувањето на овој закон, а со цел усогласување со законодавството на Европската Унија и забрзување на подготовките за членство на нашата земја во Европска Унија се наметна потребата за донесување и на регулативата која треба да го зајакне капацитетот на системот за финансиски менаџмент и контрола и негова хармонизација во нашиот јавен сектор.

Законот чие донесување се предлага, се заснова на следните основни начела:

Зголемување на вкупната финансиска дисциплина, заштита од неефикасно користење на ресурси, малверзации, како и погрешно управување. Откривање и минимизирање на значајни фактори на ризик, промовирање на економично, ефикасно и ефективно работење, како и придржување кон законите, подзаконските и интерни, како и насоки на раководењето со субјектите.

Почитувани пратеници, одредбите од овој закон се однесуваат на следните субјекти од јавниот сектор: корисници на средства од Буџетот на Република Македонија се однесуваат исто така и на Фондот за пензиско и инвалидско осигурување на Република Македонија, Фондот за здравствено осигурување, Фондот за магистрални и регионални патишта, Агенцијата за вработување на Република Македонија, општините и Град Скопје, агенциите и други институции основани со закон, јавните претпријатија како и јавните установи и други правни лица кои се во државна сопственост или каде доминантен удел има државата.

Со овој Предлог исто така се регулира и обврската на раководителите во јавниот сектор, како и посебно е регулирана одговорноста на сметководителот при контрола на плаќањата кои што се вршат. Со Предлогот е регулирана и надлежноста на Министерството за финансии, за развој, регулирање и координирање на системот за јавна внатрешна финансиска контрола, а во него се вклучени и одредби кои ја регулираат и контролата на средствата од фондовите на Европската унија.

За успешна реализација на овој закон, Министерството за финансии во рок од една година од влегувањето во сила на овој закон заедно со твининг партнерите на Европската Унија ќе ги донесе и следниве правилници и тоа: правилникот за стандардите за внатрешна контрола во јавниот сектор, правилникот за основните елементи за финансиски менаџмент и контрола, како и правилникот за формата, содржината и начинот за доставување на изјавата за квалитетот и состојбата на внатрешните контроли. Исто така од страна на Министерството за финансии, во рок од една година ќе биде донесено и техничкото упатство за спроведувањето на овој закон. Благодарам.

**Бесим Догани:** Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот.

Збор има госпоѓа Младеновска Ѓорѓиевска Мери, повелете.

**Мери Младеновска Ѓорѓиевска:** Благодарам почитуван потпретседателе и оваа точка од дневниот ред и начинот на кој дојдовме до оваа точка а доставена во парламентот во ноември месец 2006 година го покажува односот на парламентарното мнозинство и на власта кон важни точки за кои што овие закони би имале и би добиле поддршка и од опозиционите партии. Но наместо да расправаме со овие процеси што треба да го унапредат системот на финансиска контрола во администрацијата, ние во меѓувреме расправавме за илјадници други точки кои што мнозинството сметаше дека се приоритет, а кои само го одземаа времето на работење овде во Парламентот.

Да потсетам дека овој закон претходно во прва фаза беше усвоен од страна на претходното парламентарно мнозинство и дека се работи за воведување на нови стандарди, што и од заменик министерот беа образложени. Јас се јавив за збор, не во однос на одредени точки или забелешки во самата содржина на законот, но сејавив само со цел да укажам дека овие закони што сега се носат, што се на дневен ред на оваа седница, законот за јавна внатрешна финансиска контрола и за изменување и дополнување на Законот за внатрешна ревизија во јавниот сектор, треба во пракса да се овозможи тие да се имплементираат, за да може навистина да имаме резултати во однос на финансиската контрола во јавниот сектор, и да се отстранат сите оние прашања за кои што до сега во пракса навистина имаше проблеми кои овозможуваат најразлични сомневања за влијание на власта во однос на работењето на овие сектори. Тука ќе го споменам и прашањето за хармонизација во работењето помеѓу новите институции што се предвидуваат во рамките на Министерството за финансии и до сега претходните се однесуваат повеќе на наредниот закон со Бирото за јавни набавки и потребата да се усогласи работата со Државниот завод за ревизија, затоа што наместо до сега да се расчистуваат одредени прашања кои во недостатокот на таква комуникација и разрешување на тие прашања овозможуваа по најразлични основи да се пишуваат забелешки во ревизорските извештаи кои што апсолутно не значат повреда на законските прописи, туку значат немање на комуникација помеѓу институциите, како што се Министерството за финансии и одредени сектори таму и помеѓу Државниот завод за ревизија. Значи, суетите да се напуштат и да се работи малку во пракса на имплементација на законите.

Тука посебно ќе го потенцирам прашањето што во изминатиов период се покажа и како точно, за настојувањата што ги прави власта, сегашната власт, за влијание во администрацијата со сите постапки што ги направи, кога дојде на власт и со оние што сега ги прави во наредниот период, посебно што и Секторот за јавна внатрешна финансиска контрола е во рамките на орган на управата, да се овозможи тој да работи согласнмо законот, заради тоа што, ако се има предвид дека и внатрешната контрола е дел од администрацијата во самите министерства, дека таму раководат министри, сметам дека многу е голема можноста за најразлични влијанија ако знаеме, а факт е тоа дека сегашната власт има влијание и во однос на Заводот за ревизија кај одредени вработени, значи диктирање да не кажам, или изнаоѓање најразлични можности да се пишуваат извештаи по порачка према одредени лица, да се овозможи да се создадат најразлични сомнежи. Треба во пракса да се работи на правилна имплементација на законските прописи. И во законот се наведува дека треба да се направи таква хармонизација и координација, но тоа може да остане само гола декларација, до колку во пракса се срекаваме со сосема нешто друго.

Јас не се сомневам во капацитетот на органите на управата, сметам дека има доволно стручни, професионални лица да го направат тоа, но улогата на функционерите кои работат и раководат со органите е огромна, знаи зависи од волјата на власта колку навистина во пракса ќе дозволи овие законски прописи да се имплементираат онака како што треба или сето ова ќе биде форма и начин да се заобиколуваат законите, а да се прават пресметки со политичките противници или со лицата кои по најразлични основи не и одговараат на власта.

Мислам дека тоа никој не го посакува, не е во интерес на никого освен можеби во моментот на одредена владеачка гарнитура, но ова го потенцирам, тргнувајќи од постапките на сегашното мнозинство на сегашната власт.

Инаку, ќе видиме како законот ќе се имплементира во пракса и секако дека ќе интервенираме секаде каде можеби ќе се јават одредени промашувата од она што сега се најавува како интенција на законот. Благодарам.

**Бесим Догани:** Ви благодарам госпоѓо Младеновска.

Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот Заклучок:

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за јавна внатрешна финансиска контрола.

Пред да ве повикам да гласаме, би ги замолил пратениците да влезат во салата.

Во салата се присутни 61 пратеник.

Ве повикувам да гласаме.

Од вкупно 63 пратеника гласале 60 од кои 58 за, воздржани нема, двајца гласаа против.

Констатирам дека Заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот?

Ве повикувам да гласаме.

Од вкупно 63 пратеници гласаа 63, од кои сите гласаа за.

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи нема пријавени за збор, го заклучувам претресот по текстот.

Предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Од 64 пратеника колку се присутни во салата гласале 58, сите 58 гласааа за.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за јавна внатрешна финансиска контрола.

**Минуваме на точката 10-Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за внатрешна ревизија во јавниот сектор, со Предлог на закон.**

Предлогот за донесување на законот, со Предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на законот.

Молам, кој бара збор?

Има збор заменик министерот за финансии, повелете.

**Предраг Трпески:** Благодарам потпретседателе, почитувани пратеници.

Како што претходно напоменав процесот на зајакнување на внатрешната контрола во Република Македонија отпочна во 2004 година со Законот за внатрешна ревизија.

Меѓутоа, по донесувањето на Законот за внатрешна ревизија, а со цел за натамошно усогласување со законодавството на Европската Унија се наметнаа неколку потреби и тоа: потреба од зголемување на независноста на единиците на внатрешна ревизија, внатрешните ревизори и раководителите на единиците за внатрешна ревизија.

Понатаму, подобрување на статусот на внатрешните ревизори во единиците на локалната самоуправа.

Понатаму, обезбедување на инструмент за основање на единици за внатрешна ревизија кај оние субјекти од јавниот сектор кај кои економски не е оправдано основање на посебни единици за внатрешна ревизија и зајакнување на надзорот и зголемување на ефикасноста на работењето на внатрешните ревизори.

Интенцијата на овој закон е да се зголеми независноста на внатрешнара ревизија. Заради подобрување на статусот на внатрешните ревизори во единиците на локална самоуправа со Предлогот за донесување се бришат одредбите од член 37 од Законот за финансирање на единиците за локална самоуправа, согласно кои внатрешниот ревизор го назначува Советот на општината на предлог на градоначалникот.

Бришењето на овие одредби се наметна како неопходност, бидејќи со нивната примена внатрешните ревизори во дел од општините добија статус на вработени на определено време или вработени со мандат при што се губи нивната независност и професионалност.

Само да напоменам дека вработувањето на внатрешните ревизори во општините на определено време или мандат е во спротивност со Законот за внатрешна ревизија во јавниот сектор.

Исто така кај субјектите од јавниот сектор кај кој економски не е оправдано основање на посебна единица за внатрешна ревизија со Предлогот се воведува можноста раководителот на субјектот да може да склучи договор за основање на заедничка единица за внатрешна ревизија со раководителот на друг субјект од јавниот сектор или договор за вршење на внатрешна ревизија од единица за внатрешна ревизија од друг субјект од јавниот сектор по претходна согласност на Министерството за финансии.

Исто така со овој Предлог со цел зајакнување на надзорот и зголемување на ефикасноста на работењето на внатрешните ревизори се зголемуваат овластувањата на Секторот за јавна внатрешна финансиска контрола во Министерството за финансии за вршење супер визија на квалитетот на работата на единиците за внатрешна ревизија преку увид на лице место во документацијата кај субјектите и организирање на континуирана обука на внатрешните ревизори. Благодарам.

**Бесим Догани:** Ви благодарам господине заменик министер.

Има збор пратеникот Мери Младеновска Ѓорѓиевска, повелете.

**Мери Младеновска Ѓорѓиевска:** Благодарам.

Овој закон навистина е поврзан со претходно усвоениот Закон за јавна внатрешна финансиска контрола и навистина како што и претходно спомнав по однос на тој Закон потребно е да се направат вакви измени и пратеничката група на СДСМ ќе го поддржи и овој законски текст и овие измени и дополнувања, но, како што спомнав многу е битно во пракса како ќе се имплементираат овие законски одредби.

Во членот 7 во овие измени и дополнувања се вели дека членот 13 се менува и гласи: “Раководителот на субјектот е одговорен за обезбедување на организациска и функционална независност на работењето на внатрешната ревизија”.

Ова е навистина многу добро напишано, но се наметнува прашањето дали во пракса навистина ќе се реализира на овој начин со потполна независност така како што е предвидено, функционална и организациска независност на работењето на внатрешната ревизија. Добро е до колку раководителите на субјектите тоа навистина го овозможат. Секое поинакво постапување ќе значи кршење на законот, но реков имајќи ги во предвид искуствата што ги гледаме постојано кај нас.

Се поставува дилемата, се поставува прашањето, дали оваа власт е спремна во пракса да се соочи, навистина со правилна имплементација на овие закони. Јас не велам дека Владата сега спротивно на својата волја ги поднесува овие закони, но морам да потенцирам декак се работи за процес што е веќе започнат од претходната Влада и кој мора да продолжи. Сега можеби Владата ставена

во ситуација да мора да го продолжи овој процес, независно дали тоа се софпаѓа со нејзините интереси или не. Но како и да е, битно е во пракса како ќе се имплементира законот.

Исто така, ќе потенцирам дека во членот 4 е наведена обврска Секторот за јавна внатрешна контрола, со цел регулирање и развој и усогласување на системот за внатрешна ревизија во јавниот сектор дека спроведува одредени активности, а меѓу другото соработува со Државниот завод за ревизија и други професионални организации од областа на ревизијата и сметководството. Навистина е битно, како ќе се остварува оваа соработка, со цел да не се прават различни политички чистки со лицата за кои што некој смета дека треба да се постапува на тој начин. Тука не сакам да го екслупирам Државниот завод за ревизија, или да заземам некоја страна, бидејќи праксата покажува дека и таму во нивното работење има недоследности и можеби, од објективни причини, но многу и од субјективни причини, па затоа, не треба да се дозволи тие субјективни причини да доминираат, туку да се работи исклучиво според меѓународните стандарди, кои што се должни да ги почитуваат лицата кои постапуваат во финансиската контрола и во ревизијата, за да може навистина, да овозможиме Република Македонија да биде поблиску до Европската Унија. Да кажеме дека Копнеханските критериуми се дел од нашето секојдневие. Во моментот мислам дека не можеме да тврдиме дека навистина сме постигнале многу на овој план и одговорноста на оваа Влада е навистина, да внимава како ќе се имплементираат законските процеси и сите оние влијанија со кои се настојува да ги прави при функционирањето на институциите на системот во периодот одкако е на власт да престане да ги прави, туку да овозможи законите да се применуваат така како што ќе ги донесеме овде во Собранието, како во законодавен дом. Благодарам.

**Бесим Догани:** Има збор Тале Герамитчиоски:

**Тале Герамитчиоски:** Благодарам потпретседателе. Значи сосема кратко.

Измените предизвикаа некои дилеми кај мене.

Би сакал доколку навистина не сум во право по однос на начинот на читање на измените да бидам демантиран. Значи јас колку што овде видов се предлага внатрешните ревизори да имаат статус на државни службеници со редовно вработување. Досега беа назначувани од страна на Советот на општината, дали по предлог на градоначалникот, не е толку битно. Значи, во тој дел јас ја поздравувам одлуката да се засили нивниот лпрофесионален статус, тоа е добро, но од практичен аспект, не можев да го прочитам механизмот на дејствување на транспарентноста на работењето. Дали останува она што квартално го поднесуваат како извешај до Централната внатрешна ревизија на Министерството за финансии, важи и до Советот на општината, или припремаат годишен извештај, дали тој е достапен за јавноста, дали се повикува како што ние добиваме годишен извештај од Државниот републички завод за ревизија и доколку не е така, се испуштила една добра прилика да се зајакне механизмот на отчетност пред граѓаните за материјално-финансиското работење на единицата на локална самоуправа, всушност, право кое е загарантирано и со Законот за локална самоуправа.

Друга работа, да се придружам на мојата колешка која што изрази еден благ степен на сомничавост во поглед на злоупотребата при вработувањето, бидејќи станува збор за исклучително чувствителна професија, во која што компетентноста и стручноста е исклучително значајна. Не станува збор за обични државни службеници кои што ќе имаат рутинерски ангажман во својата професија, бара одредени познавања и компетентни вештини кои што ќе бидат дефинирани, бидејќи се започнува од почеток, некој ќе треба да бидат вработени од страна на градоначалникот, дозволете да искажам една резерва, едно сомневање на ова до крај исполитизирано општество во Република Македонија дека ќе се злоупотреби и во овој дел и ќе бидат вработени исклучиво партиски луѓе.

Ова не го зборувам паушално, имам примери од неколку општини во кои што луѓето кои што работеле на внатрешната ревизија стекнале компетенции и вештини, заради припадност на друга политичка партија директно или индиректно со семејни врски, или пријателски или незнам како оквалификувани го губат статусот и имаме примери каде што до Агенцијата за државни службеници се пратеници такви приговори во кои што и до Народниот правобранител во кој што навистина е нејасно зошто не им се издаваат решенија на луѓето кои што не изминатите 4 години, туку повеќе години наназад работеле не директно во ревизијата, но беа на поинаков начин организирани во самите единици во локалната самоурпава, каде што трезорот функционираше на поинаков начин. Тоа е мое сугестивно право да искажам одреден степен на одредено сомневање во однос на она кое што во реалноста се случува. Но би сакал, доколку чувствува заменик министерот потреба да објасни дали онаа транспарентност и отчетност од страна на внатрешната ревизија стои пред Советот на општината, или јавно ќе бидат публикувани резултатите на годишно ниво. Благодарам.

**Бесим Догани:** Има збор заменик министерот за финансии.

**Предраг Трпески:** Транспарентноста ќе биде затоа што основната функција на внатрешниот ревизор е да изврши корекција на некои неисправности во процедурата во постапките, затоа што беше прашањето за општините. Значи, тоа треба да се направи пред да дојде Државниот завод за ревизија. Извештајот на Државниот завод за ревизија е оној кој се публикува, кој што

излегува во јавноста и конкретно тој ќе биде за определена општина. Но, внатрешниот ревизор ја прави ревизијата професионално и со овие измени независно од Советот на општината и од градоначалникот. Така што, штом го направи ревизорскиот извештај, во тој момент ревизорскиот извештај станува сопственост на општината. Општината дали тоа ќе го публикува, или нема да го публикува, дали ќе биде транспарентно или нема да биде транспарентно, тоа е друго прашање. Но, она што се публикува и што оди во јавност, тоа е извештајот на Државниот завод за ревизија. Тоа е она што е финалниот продукт. А внатрешната контрола има за цел корекција на тековните активности во работењето.

Во поглед на извештаите внатрешните ревизори, исто така, квартално и годишно поднесуваат извештаи до централната ревизија. Значи сега нема да се враќаме повторно назад, тоа ќе си остане. Квартално и годишно извештаи за централната ревизија ќе поднесуваат.

**Бесим Догани:** Тале Герамитчиоски имате реплика на излагањето. Повелете.

**Тале Герамитчиоски:** Господине заменик министер,

Добро знам како функционира механизмот, Државниот завод за ревизија има своја годишна програма за работа и се разбира дека физички е невозможно да бидат опфатени сите општини во таа годишна програма, туку се опфаќаат одреден број на оппштини за коишто оцениле при составување на годишниот план да бидат предмет на анализа, односно опсервација. Што е со тие други општини во кои што во таа фискална година нема да бидат опфатени и затоа е потребно, ако нема таква отчетност, извештајот станува составен дел во сопственост на општината. Тогаш се коси со Законот за локална самоуправа во кој што и Советот на општината и градоначалникот се обврзани за транспарентност во работењето и во материјално финансиското работење. Затоа, мислам дека фали одредена усогласеност на овој дел со Законот за локална самоуправа во кој што облигаторно се бара од тие правни субјекти да ја информираат јавноста за материјално финансиското работење, барем во еден годишен извештај на транспарентен начин.

**Бесим Догани:** За реплика се јави пратеникот Марјанчо Николов.

**Марјанчо Николов:** Благодарам, почитуван потпретседателе, почитувани колеги, почитувани претставници на Владата .

Да не се јавувам за дискусија само кратко го слушнав заменик министерот во делот за внатрешната ревизија, посебно околу она што се однесува за транспарентноста и околу објавувањето на извештаите на внатрешниот ревозор. Прво да кажам дека е добра замислата со законот што се предлага да се реши статусот за внатрешните ревизори. Бидејќи на некој начин досега тоа ги ограничуваше во вршењето на нивната функција. Значи на предлог на градоначалникот ги бираше Советот и нивната слобода во дејствувањето беше многу мала и тоа е за поздравување. Исто така ги поздравувам и сите наредни чекори на Министерството и во делот на Државниот завод за ревизија и на Владата доколку планираат да и дадат и уставна рамка на ревизијата, бидејќи сметам дека еден од механизмите за поуспешна борба со корупцијата и организираниот криминал е токму зајакнувањето и на овој сектор за внатрешната ревизија, колку повеќе се независни во својата работа, толку можеме да очекуваме поголеми резултати во сузбивањето на овие негативни дејствија во работењето на јавните установи.

Меѓутоа, она што сметам дека треба Министерството за финансии да го предвидело во овие измени и дополнувања е при примањето на внатрешниот ревизор, тие на одреден начин да полагаат и одреден стручен испит пред некоја комисија, формирана од Државниот завод за ревизија и врз основа на нивната стручност, градоначалникот врз основа на бодирањето да го прими тој државен ревизор оној кој што има најдобри резултати. Не може да се случи да го прими тој што нему би му одговарал, а потоа да биде ограничен во вршењето на својата работа, бидејќи директно ќе одговара пред градоначалникот. Мислам дека предлагачот треба да размислува за годишните и кварталните извештаи на внатрешниот ревизор.Задолжително во најмала рака да се објавуваат, да ги усвојува Советот, или транспарентно да бидат објавени на ВЕП страница, или на годишен извештај на општината, бидејќи сите тие констатации се однесуваат на трошењето на парите на граѓаните на конкретната општина, или во јавниот сектор.

Затоа сметам дека треба во таа насока да размислат да се пдобри ова законско решение. Благодарам.

**Бесим Догани:** Има збор пратеникот Илија Димовски.

**Илија Димовски:** Благодарам потпретседателе, почитувани претставници на Владата,

Јас сакав да се јавам за дискусија по однос на овој закон сосема кратко, од аспект дека законот кој што треба да се донесе денеска во Собранието на Република Македонија е значаен од аспект на завршување на постапките за прецизирање на функционирањето на внатрешната ревизија во институциите од јавниот сектор. Законот кој што денеска го изменуваме е Закон донесен од крајот на 2004 година, значи некаде средината од владеењето на претходната Влада и во своето функционирање како закон, очигледно, има покажано и одредени слаби позиции. Меѓутоа, ова не го кажувам од аспект да искритикувам некого, туку го кажувам од аспект дека ваквите состојби треба да функционираат во еден концинуитет и се она што е сработено од претходното парламентарно мнозинство, а не е

доволно добро сработено, во иднина да се доработува, да се доградува, со цел да обезбедиме подобар живот, односно подобро функционирање на институциите.

Со овој закон, главна поента се поставува на јакнење на независноста на внатрешните ревизори. Во досегашниот закон било предвидено да се бираат од страна на Советот по предлог на градоначалникот, кој што од функционална смисла и во практична смисла значи огромна политичка зависност, со што претпоставувам дека би биле ускратени сите законски можности на внатрешните ревизори. Значи, подлежеле на испитување неосновано на својата работа, ако се обиделе како независен субјект да функционираат внатре во единиците на локалната самоуправа.

Со оваа гаранција која што се предлага од Владата во новиот закон, апсолутно сметам дека ќе се зголеми независноста во работата на внатрешните ревизори и ќе се овозможи статус на вработен еднаков како и на другите државни службеници, со што на луѓето кои што се задолжени за вршење на внатрешната ревизија ќе им се даде поголема слобода во своето професионално функционирање. Апсолутно е добра обврската овие луѓе да бидат вклучени со постојани одлуки и постојана надообразба, поради тоа што како држава во изминатите 15 години ние имаме апсолутно негативно искуство во смисла на трошење на средствата, значи на буџетските средства, коои што ги плаќаат граѓаните на Република Македонија. Тоа негативно искуство го имавме и во претходниот мандат. Некои од претходните колеги дискутанти го спомнаа Државниот завод за ревизија, меѓутоа, можеме слободно да констатираме со задоволство сите пратеници овде, дека и во текот на владеењето на претходната владечка гарнитура, Државниот завод за ревизија извади огромен број на ревизорски извештаи, кои што се однесуваат на функционерите од претходната власт во кои што имаше потенцирано слабости во нивното финансиско работење. На некои места дури и апсолутни прекршувања на законот.

Од тој аспект, оваа внатрешна ревизија треба како пратеници да се трудиме, без разлика дали е едната опција, или другата опција, или трета опција е на власт, да ја развиваме, да ја градиме, со цел да ги заштитиме средствата кои што граѓаните директно ги плаќаат.

Исто така, сакам да ја потенцирам позитивноста во усогласувањето со меѓународните стандарди и возможноста помалите субјекти од јавниот сектор да организираат ваква единица на внатрешна ревизија, неколку субјекти заедно, со цел да се овозможи функционирањето на единицата на внатрешна ревизија. Можноста, односно обврската на внатрешните ревизори на многу прецизен начин да изготвуваат стратешки годишни планови, со цел однапред да се знае што ќе работат внатрешните ревизори и прецизното дефинирање на состојбата дека внатрешните ревизори се независни во своето планирање, спроведување и известување од својата работа.

Од тие причини, јас сакам да кажам дека со задоволство ќе го поддржам предложениот закон од страна на Владата. Благодарам.

**Бесим Догани:** Бидејќи нема повеќе пријавени за збор го заклучувам претресот, и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок.

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за внатрешна ревизија во јавниот сектор.

Пред да го ставам заклучокот на гласање, ги повикувам пратениците да влезат во салата.

Бидејќи во салата се присутни 64 пратеника, ве повикувам да гласаме.

Од 64 присутни пратеници гласале 58, сите 58 гласаа за.

Констатирам дека Заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Ве повикувам да гласаме.

Гласаа 61 пратеник, сите 61 гласаа за, воздржано и против нема.

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Пратениците Аднан Јашари и Џеват Адеми поднесоа амандман на член 4 став 1 во воведната реченица, по кој Владата не се произнела.

Отворам претрес по амандманот на член 4 став 1 во воведната реченица, поднесен од пратениците Аднан Јашари и Џеват Адеми.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор заменик министерот за финансии, повелете.

**Предраг Трпевски:** Амандманот не се прифаќа.

**Бесим Догани:** Владата не го прифати амандманот.

Бидејќи нема пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 55 пратеници, 5 пратеници гласале за, 48 против и двајца воздржано.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот .

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор?

Бидејќи нема пријавени за збор, го заклучувам претресот по текстот.

Предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

За Предлогот на законот гласале 63 пратеници, за гласале 62 пратеника, воздржани нема, против гласаше 1 пратеник.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за изменување и дополнување на Законот за внатрешна ревизија во јавниот сектор.

**Минуваме на точката 11 - Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за култура, со Предлог на закон**

Предлогот за донесување на законот со Предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието ви се доставени, односно поделени.

Согласно точка 2 од амандманот 10 на Уставот на Република Македонија, овој закон се донесува со мнозинство гласови од присутните пратеници, при што мора да има мнозинство гласови од присутните пратеници кои припаѓаат на заедниците кои не се мнозинство во Република Македонија.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на законот.

Молам, кој бара збор?

Има збор заменик министерот за култура, повелете.

**Слободан Деспотовски:** Благодарам потпретседателе.

Дами и госпoда пратеници, само накратко да кажам дека се работи за воведување титула “амбасадор на културата”. Титулата е почесна, ќе се доделува на истакнати личности од културата кои работат или живеат во странство. Тие нема да имаат дипломатски статус, нема да бидат платени, тие само прифаќаат да се ангажираат за културната промоција на Република Македонија во странство. Воедно се предлага и усогласување на казнените одредби со новите прекршочни санкции утврдени со системскиот закон за прекршоци. Благодарам.

**Бесим Догани:** Благодарам.

Има збор пратеникот Ристана Лалчевска, повелете.

**Ристана Лалчевска:** Благодарам потпретседателе.

Колеги пратеници, само во неколку реченици би сакала да истакнам поддршка за измените и дополнувањата на Законот за култура од две основни причини, а пред се заради новината која е воведена со дополнувањето на законот, односно воведувањето на титулата “амбасадор на културата” како почесна и непрофитабилна, бидејќи ценам дека Македонија има државјани кои навистина, занимавајќи се со културата надвор од границите на Македонија во многу позитивен аспект ја прикажуваат нашата држава и придонесуваат за нејзино промовирање во светот. Токму од таа причина ја поздравувам новината која се воведува со овој закон, на истакнати културни работници им се додели оваа почесна титула, со што ќе се вреднува нивниот труд. Исто така, ќе се поттикнат за натамошно работење и презентирање на нашата држава преку својата работа.

Вториот дел на измените на законот е усогласување со Законот за прекршоци, што се наметна како потреба со донесување на новиот закон за прекршоци.

Тука би кажала два-три збора околу Советот за култура, што е предвиден во основниот закон. Имено, во законот се предвидува да има Совет на култура кој го сочинуваат истакнати културни работници, што е еден вид советодавно тело на министерот за култура и ценам дека во секој случај треба да се слушне и мислењето на овој Совет за култура околу предлогот на министерот за доделување на титулата “амбасадор на културата” за одредена личност, бидејќи во тој Совет членуваат навистина истакнати културни работници и ценам дека нивното мислење ќе биде значителна помош во насока на вистински избор од страна на министерот. Не знам и не сум сигурна дали треба да биде напишано во законот, меѓутоа, не е лошо да стои дека ќе биде ценето од страна на министерот мислењето на овој Совет за култура при изборот на личноста за доделување на оваа престижна титула. Благодарам.

**Бесим Догани:** Благодарам.

Има збор пратеникот Тале Герамитчиоски, повелете.

**Тале Герамитчиоски:** Благодарам потпретседателе.

Лично го поддржувам овој чин. На Македонија и е потребен овој начин на промоција на своето културно богатство, кое треба транспарентно да се изнесува во разни прилики, на разни форуми и осбоено пред меѓуанродната јавност. Жал ми е што сум пропуштил прилика амандмански да интервенирам, бидејќи ова кое како идеа ќе го кажам можеби на некого ќе му звучи надвор од оваа идеја, но сметам дека регрутирањето на идните амбасадори на културата на Република Македонија би требало да биде и во сферата на науката, поточно научните кадри кои живеат и творат надвор од Република Македонија, а се државјани на Република Македонија, имаат исклучително висок рејтинг во научните кругови, тежи нивниот збор, ќе можат значајно да придонесат за доброто на својата тактовина, на својата земја и би било навистина добро, би било доблесно од страна на Министерството за култура да бидат ангажирани на истиот овој начин, на истиот овој принцип како што е предвидено да бидат ангажирани и истакнати имиња од обласа на уметноста. Доколку постои некој начин Владата да интервенира, жал ми е што јас не сум имал прилика амандмански да интервенирам, би било во ред Владата на Република Македонија по предлог на министерот за култура на истакнати и афирмирани личности од доменот на културата

и науката, кои се државјани на Република Македонија, и со своето делување во странство значајно да придонесуваат за презентирање на културата на Република Македонија во светот и т.н, им се доделува титулата “амбасадор на културата”. Мислам дека имаме редица луѓе со висок авторитет во меѓународната јавност кои штета би било да не бидат искористени во ваква цел за промоција на Република Македонија. Благодарам.

**Бесим Догани:** Благодарам господине Герамитчиоски.

Има збор пратеникот Лилјана Поповска, повелете.

**Лилјана Поповска:** Благодарам.

Почитуван господине потпретседател, почитуван заменик министер, почитувани колеги пратеници,

Го поздравувам донесувањето на измените на Законот за култура. Мислам дека ќе може да се направи еден мал исчекор напред со тоа што се обрнува внимание на една нова категорија наши лобисти во светот таканаречени амбасадори на културата и мислам дека со овој современ и модерен начин на однесување ќе може подобро да се афирмира македонската култура и Македонија како држава надвор. За тоа секоја поддршка, секоја чест, допрва веројатно ќе видиме кои начини ќе бидат потребни при тоа и кои средства ќе бидат потребни. Веројатно оваа формулација и овој дел од законот ќе треба да се дополнува во иднина за да може да се постигне што поголема ефикасност, но одлично е што се почнува.

Дозволете ми, кога веќе се отвора дискусија за Законот за културата, да кажам неколку работи за кои чувствувам обврска како човек, како политичар и како претставник на партијата ДОМ.

Во рамките на Комисијата за култура многу пати сме разгледувале повеќе аспекти од областа на културата, тоа е еден од нашите приоритети и ме радува што е еден од приоритетите на оваа Влада. Конечно културата станува центар на приоритетите на една влада и мислам дека тоа е голема придобивка за целата земја.

Овој закон е закон кој има полно празнини, полно недоречености, па дури и некои технички недоследности. Не случајно со колегата Шамбевски се обидуваме во еден мал сегмент да го поправите со еден амандман, меѓутоа, тој закон би требало уште во многу, многу членови да претрпи измени, затоа што една од главните работи што му недостига на овој закон е недостиг на дефинирање на статусот на уметник, така што во Законот за култура едноставно не можат да се најдат ликовните уметници, не можат да се најдат дури ни оние уметници од областа на музичката дејност, на сценската, драмската дејност и т.н., кои формално се споменати,за разлика од ликовните кои дури не се ни споменуваат ни формално. Меѓутоа, сиве овие не можат да се изборат за одредени свои позиции, бидејќи не е соодветно дефинирана нивната позиција, па според тоа не можат да се изборат ни за соодветен надомест за онаа работа што ја работат.

Накусо, јас очекувам дека Министерството за култура во следниот период ќе донесе измени или комплетно нов закон за култура, кој дефинитивно ни треба, кој што им треба на творците на полето на културата и кој и треба на Македонија.

Инаку, мислам дека ќе биде важно притоа да се направат поголем број средби со луѓето од културата, бидејќи најдобро е да се слушнат самите тие и тие да сугерираат одредени решенија. Верувам дека со одредени проекти кои Владата ги најави, за кои се одвоени буџетски средства за оваа година, ќе се ублажи состојбата во културата. Верувам дека за тоа сериозно ќе придонесе изградбата на новата сала за Филхармонијата, понатаму новиот театар, подобрување на музејската дејност и т.н., нови музеи и верувам дека сето тоа ќе бидат скапоцени придонеси во областа на културата.

И нешто што посебно треба да се истакне е тоа што овој пат и при овој, дури, рестриктивен буџет Владата успеа да го зголеми многу сериозно Буџетот за култура и покажа сосема конкретно дека навистина во културата вреди да се инвестира и дека тоа е едно наше богатство кое треба да го негуваме, да го цениме и надградуваме.

Значи со поддршка на овие измени и дополни на Законот за култура и со сугестија до Министерството за култура да изготви нови измени и дополни или комплетно нов преработен закон за култура да ни понуди, за да можеме целосно да ја заокружиме оваа толку важна област од нашето живеење. Со ова би ја завршила мојата дискусија. Ви благодарам.

**Бесим Догани:** Ви благодарам госпоѓо Поповска.

Има збор заменик министерот за култура.

**Слободан Деспотовски:** И благодарам на пратеничката, но само кратко да кажам дека во Министерството веќе се работи на нов проект, на нов закон за култура, меѓутоа, како што знаете тоа е долготраен и комплициран процес и ќе помине уште прилично време, сигурно една година, додека не се донесе во ова Собрание. Благодарам.

**Бесим Догани:** Благодарам.

Има збор пратеникот Флора Кадриу, повелете.

**Флора Кадриу:** Ви благодарам.

Јасно е дека постои потреба од донесување нов закон или измени на Законот за култура, но како што кажа заменик министерот за култура има потреба од обработка и за една година ќе се донесе нов закон. Сакам да кажам дека се согласувам со госпоѓа Лилјана Поповска за потребата од донесување на еден нов закон, но сакам да се концентрирам и да го дадам моето лично мислење околу Предлогот за изменување и дополнување на Законот за култура, за титулата

“амбасадор на културата”, нешто што е потребно. Ние знаеме дека Македонија е едно мултиетничко и мултикултурно општество и разни етникуми во Македонија ја развиваат и унапредуваат нивната култура, создавајќи и презентирајќи ги културните вредности. Но и надвор од границите на Република Македонија постојат лица кои се државјани на Република Македонија со разна етничка припадност, кои исто така создаваат, творат и ја презентираат културата на овие етникуми во Република Македонија.

Затоа, мислам и ценам дека треба да се поздрави и да се поддржи овој Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за култура.

Сакам да спомнам уште една работа. Во моментот кога ми се укажа можноста да го искажам моето мислење, а ова е во однос на извештаите, во однос на работните тела. Како што кажа и потпретседателот на Собранието на Република Македонија и ние знаеме дека Комисијата за култура има одржано само една седница. Мислам дека постои потреба и неопходност, кога се донесуваат закони од овој тип, да се одржат седници на овие работни тела, односно на Комисијата за култура. Ова е моја сугестија. Ви благодарам.

**Бесим Догани:** Благодарам.

Има збор пратеникот Валентина Божиновска, повелете.

**Валентина Божиновска:** Благодарам потпретседателе.

Почитувани колеги пратеници, пред нов Предлог закон за културата сме, Министерството подготвува нов закон за култура и треба да имаме таков закон што поскоро. Мислам дека година дена ќе биде предолг период за состојбите во културата во кои сега се наоѓа Република Македонија и особено оние работи кои ни се случуваат во Министерството за култура, а тоа е со комисиите воопшто и постојано недостаток на пари во културата. Имено, од секогаш сум верувала и неколку пати тоа го говорам дека онаму каде ќе престане да дава економијата и онаму каде што не ќе можеме да стигнеме со реформите, таму апсолутно ќе може да даде културата.

Браво за овој предлог за дополнување на Законот за култура. Добро сеќавајте се на времето во кое имаше заслужни граѓани и тие заслужни граѓани добиваа куќи на Водно, некои беа уметници, повеќето не беа уметници, повеќето беа политичари, тие добиваа имот, бараки на Водно и тоа беа дел од заслужни граѓани.

Оваа титула, имено, амбасадор на културата прв пат ќе ја има таа тежина на себе на заслужен граѓанин. Зачи, има еден недостаток во Предлог дополнувањето на законот, а тоа е следното. Ако е дефакто заслужен граѓанин амбасадорот на културата, јас имам предлог амандман во кој ќе има апсолутно големи ингеренции советот, бидејќи тој совет му дава предлог и на министерот, министерот не може да знае се ниту премиерот на Владата кои се негови најдобрите амбасадори на културата. Имаме амбасадори на културата кои живеат надвор од оваа држава, имаме амбасадори кои се внатре. Еден Симон Трпчевски, една Вања Лазарова, еден Влатко Стефановски и многу, многу други.

Прво, мораме еднаш за секогаш да разговараме со поимот критериум. Што значи? Колку настапи имал? Какви настапи? Во кои оперски куќи? Во кои книги објавил нешто? Амбасадор на културата е секако и писател, амбасадор на културата и археолог што ископал нешто во Рим. Амбасадор на културата е човек кој објавил преку ПЕН-центарот 10-12 статии за македонска современа поезија. Значи, ќе мора овој совет кој е добро што го имаме при Министерството да даде предлог на критериуми. Така ќе може да разговараме.

Бидејќи не добива ништо освен што може да апилицира амбасадорот за култура, имам и уште едно дополнително прашање, а тоа е следното: дали постхумно, иако не може да аплицира човек кој починал, а бил амбасадор на културата Васка Илиева, Сариевски, и ако појдете надвор од Македонија тие луѓе се сеуште со песната и со гласот амбасадори на културата. Тоа во овој миг не е ограничено со овој Предлог на закон за култура. Но, верувајте, на нивните семејства во овој миг ќе им значи многу. И тоа ќе треба во овој миг да го корегираме.

Ако се дава на луѓето кои сега ја шират културата во Европа за Македонија и со тоа ќе се договориме, но повторно велам за тоа треба да има сериозен критериум.

Во овој миг, можеби ќе треба да се размисли Министерството за култура во новиот закон, бидејќи во овој миг во МНТ и Драмскиот театар еден актер зема 9.300 денари. Со храна и превоз

зема некаде 12.400 денари. Луѓето во музеите земаат 12.000 денари. Можеби сериозна тема на која ќе треба да дискутираме по комисии за каков бенефициран стаж ќе разговараме и за актерите и повторно ќе ги допреме балетаните, луѓето кои копаат во археологијата.

Во секој случај мислам дека има сериозни недоследности, но повторно ќе речам браво, но овој пат браво за Владата затоа што нема да доделуваме имоти, нема да доделуваме станови и куќи на водно, единствено гласот, текстот, музиката, говорот, движењата ќе бидат сериозен аргумент за Европската интеграција на Македонија. Благодарам.

**Бесим Догани:** Ви благодарам госпоѓо Божиновска.

Реплика за заменик министерот за култура.

**Слободан Деспотовски:** Благодарам на пратеничката за сите забелешки.

Само да кажам дека година дена слободна проценка, бидејќи знаеме дека тој закон кога ќе

биде готов ќе треба да оди на експертиза во Европска унија, а тоа може да трае пет-шест, седум месеци, затоа реков година дена. Благодарам.

**Бесим Догани:** Ви благодарам.

Има збор пратеникот Веле Митаноски, повелете.

**Веле Митаноски:** Иако е малку неблагодарно јас да зборувам после една Валентина за културата, бидејќи е навистина познавач многу повеќе во тој дел, но сепак ќе се обидам во името на НСДП да дадам поддршка, бидејќи на површина испливува една иницијатива што долго време и недостасуваше на нашата земја.

Валентина со право направи дистинкција помеѓу заслужен граѓанин на една социјалистичка заоставштина со која ние во Охрид се судираме, таму никнаа цели населби ги викаат арамиски села, да ми извинете на изразот, за заслужни граѓани. Еден заслужен граѓанин на Калето во срцето на градот е толку заслужен што доби плац, го ослободивме од комуналии, а после тоа за неколк стотина илјади евра ја продаде својата хациенда што требаше да биде ателје. Значи, уште една потврда на тоа и дава и нејзе за право и на предлагачот му давам за право што се сетил да постави едно вакво прашање на дневен ред и да му дадеме поддршка. Зошто? Затоа што ние знаеме дека во светот постојат институции - категории заслужен амбасадор на УНИЦЕФ, сега ние ќе имаме заслужен амбасадор на културата, што е особено важно прашање, затоа што, по мене, ќе кажам не многу далеку во историјата, но можеби од 1860 година наваму од познатата Комисија Рангалис во Атина кога нашиот втор Хомер беше овенчан ловороносец ние има што да и дадеме на Европа. Кога колегите од Парламентот беа тука јас кажав, можеби малку по смело, драги колеги вие не само што има нам да ни дадете, но вие од нас има што да научите. Ние Европа ја подразбираме и како двонасочна улица. Има што да и дадеме на Европа, барем во културата. Валентина наведе неколку имиња, јас ќе наведам уште неколку кои навистина се амбасадори. Одамна стана флоскула дека амбасадор на Република Македонија во културата е Танец, но амбасадор е и Унковски. Кој политичар, ќе ве молам, или стопанственик сред Атина собра тројца претседатели на држави, бивши, побивши и сегашни да ја гледаат неговата претстава. Кој, освен Симон Трпчевски од Лондон се купува карта за Токио итн. Есма Реџепова, но зошто да не го спомнеме и еден Паско Кузман кој и даде планетарни вредности на оваа земја. Она што пред само пет-шест дена се случи во Белград еден Тоше Проески, она што Проески го направи во Белград никој друг не го направил за сега од македонците.

Сакам да кажам дека ако сме инфериорни во делот на стопанството, да ми извинат постарите колеги, и во делот на политиката, навистина во делот на културата ние сме апсолутно супериорни во Европа. Да не го враќам филмот пред 11 векови итн.

Значи, се согласувам, го поддржувам ова, на Европа има што да и дадеме, Европа е двонасочна улица за нас и Европа може од нас и да учи. Навистина честитам што некој се сети да предложи и да прифатиме една ваква иницијатива или една ваква институција.

Благодарам и сите честитки мои, а се надевам и од НСДП и тврдам не само што се надевам. Благодарам.

**Бесим Догани:** Благодарам господине Митаноски.

Има збор пратеникот Анета Стефановска.

**Анета Стефановска:** Благодарам потпретседателе,

Јас во прилог на сите дискутанти од пратеничката група на ВМРО ДПМНЕ иако претходните дискутанти опфатија нешто пошироки теми и други прашања сепак јас ќе кажам дека оваа измена на Законот за култура е чекор напред за нашата држава при усогласување со европските критериуми.

Титулата е непрофитабилна, но е многу почесна, ќе претставува голема сатисфакција за тие што ќе ја добијат, а тие се афирмираните уметници, кои навистина ќе ја заслужат, кои ќе ја претстават нашата држава во светот со културата која претставува основно битие на секоја држава, па и на Република Македонија.

Благодарам.

**Бесим Догани:** Ви благодарам госпоѓо Стефановска.

Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот и на Собранието му прдлагам да го усвои следниот заклучок:

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за култура.

Ги молам пратениците да ги заземат своите места.

Ве повикувам да гласаме.

Гласаа 67 пратеника, сите 67 гласаа за, нема воздржани, нема против.

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Ве повикувам да гласаме.

Гласаа 68 пратеника, 67 гласаа за, воздржани нема, против 1.

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Пратениците Рафиз Алити, Аднан Јашари и Џеват Адеми поднесоа амандман на член 1 во новиот член 11-а, за додавање нов став 3 по ставот 2, по кој Владата не се произнела.

Пратеникот Валентина Божиновска поднесе амандмани за внесување нов член пред членот 1 и на член 1, за менување на воведната реченица, по кои Владата не се произнела.

Пратениците Лилјана Поповска и Оливер Шамбевски поднесоа амандман за додавање нов член 1-а, по членот 1, по кој Владата не се произнела.

Отворам претрес по амандманот за внесување нов член пред членот 1, поднесен од пратеникот Валентина Божиновска.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор заменик министерот за култура, повелете.

**Слободан Деспотовски:** Амандманот се прифаќа.

**Бесим Догани:** Владата го прифати амандманот и тој станува составен дел на текстот на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 1 за менување на воведната реченица, поднесенод пратеникот Валентина Божиновска.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор заменик министерот за култура, повелете.

**Слободан Деспотовски:** Амандманот се прифаќа.

**Бесим Догани:** Владата го прифати амандманот и тој станува составен дел на текстот на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 1, по новиот член 11-а, за додавање нов став 3 по ставот 2 поднесен од пратениците Рафиз Алити, Аднан Јашари и Џевад Адеми.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор заменик министерот за култура, повелете.

**Слободан Деспотовски:** Амандманот се прифаќа.

**Бесим Догани:** Владата го прифати амандманот и тој станува составен дел на текстот на законот.

Отворам претрес по амандманот за додавање нов член 1-а, по членот 1, поднесен од пратениците Лилјана Поповска и Оливер Шамбевски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор заменик министерот за култура, повелете.

**Слободан Деспотовски:** Амандманот се прифаќа.

**Бесим Догани:** Владата го прифати амандманот и тој станува составен дел на текстот на законот.

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор?

Бидејќи нема пријавени за збор, го заклучувам претресот по текстот.

Ве потсетувам дека согласно точка 2 од амандманот 10 од Уставот на Република Македонија овој закон се носи со мнозинство гласови од присутните пратеници при што мора да има мнозинство гласови од присутните пратеници кои припаѓаат на заедниците кои не се мнозинство во Република Македонија.

Предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

За предлогот на законот гласаа 67 пратеника, сите 67 гласаа за.

Ги молам пратениците кои припаѓаат на заедниците кои не се мнозинство во Република Македонија да се произнесат по Предлогот на законот со кревање на рака.

Кој е за предлогот на законот молам да крене рака.

Од присутни 13 пратеника кои припаѓаат на заедниците кои не се мнозинство во Република Македонија за гласаа сите 13 пратеника.

Дали има против? (Нема)

Дали има воздржани? (Нема)

Констатирам дека Собранието го донесе законот за изменување и дополнување на Законот за култура.

**Минуваме на точка 12. - Предлог за донесување на закон за изменување на Законот за тутун и тутунски производи, со Предлог на закон.**

Предлогот за донесување на законот со Предлогот на законот, мислењето на Владата и извештаите на работните тела на Собранието Ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на законот.

Молам, кој бара збор?

Има збор пратеникот Слободан Најдовски, повелете.

**Слободан Најдовски:** Почитуван потпретседателе, почитувани колеги пратеници, почитуван претставник на Владата,

Дозволете ми на почетокот да истакнам дека моето задоволство од текот на попладневната седница се покажа дека кога имаме реално предложено закони Парламентот знае да работи.

Една порака до Владата нека го остави Парламентот да си работи за реални закони, нека не наметнува политиканство во Парламентот, само на тој начин ќе имаме ефикасно работење на Парламентот.

Втората работа што сакам да ја кажам е, Законот кој го имам предложено иако носи наслов Закон за измена на Законот за тутун и тутунски производи е Закон со кој се обидувам да придонесам за регулирање на една актуелна состојба во Република Македонија, а тоа е

нелегалната продажба на цигари и други тутунски производи во Република Македонија.

Дозволете ми на самиот почеток да им искажам благодарност на оние експерти од оваа област кои ми помогнаа при изработката на овие два закони овој и наредната точка. Иако законите се со по два три члена, но тоа се закони кои бараа една детална работа, макотрпна од неколку месеци затоа што навистина се закони кои располагаат со конкретни бројки и резултати. Еве им се заблагодарувам на тие мои колеги од ЛДП експерти во оваа област кои ми помогнаа, но, за жал, бидејќи има пратеник од прва, втора, трета категорија, овие експерти ќе останат без надоместок, нема ништо да им се плати, за разлика од некои други експерти на некои други пратеници кога ќе подготват закон, ако се од Парламентарното мнозинство, им се плаќа.

Но, овие мои колеги прифаќаат бесплатно да работат за донесување на закони.

Сакам да почетокот накратко да образложам што е суштината на овој закон. Ќе ми дозволите и за двата закони малку подолго сега да елаборирам по однос на вториот закон, со оглед на тоа што образложението е исто, нема да дадам подетално образложение освен неколку кратки напомени.

Имено, со Предлогот на законот за изменување на Законот за тутун и тутунски производи предлагам јас и колегата Манасиевски да се укине давачката од три денари по кутирија цигари која е фиксна давачка при продажбата на цигарите во Република Македонија, а во законот за измена на Законот за здравствена заштита предлагам да се укине давачката од 5 денари по кутија која е тн., давачка за здравството.

Но, иако предлагам укинување на давачката од три денари по кутија при продажбата на цигари од Законот за тутун и тутунски производи, предлагам и видоизменет начин на субвенции односно обезбедување на премија за примарното тутунско производство и за промоција на примарното земјоделско производство, но за разлика од постоечкиот начин на прибирање на тие средства, предлагам 20% од вкупно прибраните финансиски средства од акциза на цигарите во текот на годината да се одвојат за премии на тутунопроизводителите. Таа пресметка земена според приходите во 2005 година по основ на акцизи и во 2006 година би изнесувала некаде околу 650 милиони денари, што значи најмалку по 30 денари по килограм премија за секој тутунопроизводител.

Уште кога се носеше Законот за тутун и тутунски производи, јас го искажав своето мислење дека наметнувањето на ваквите фиксни давачки при продажбата на цигарите ќе доведе до поскапување на малопродажната цена на цигарите во Република Македонија и тоа директно ќе се одрази врз легалната продажба на цигарите односно оданочени продадени цигари во Република Македонија. Тогаш имав и амандмани предложено, но, за жал и од моите колеги од тогашното парламентарно мнозинство и од колегите кои што тогаш беа во опозиција, тој амандман не беше прифатен иако сите податоци укажуваа дека тој амандман требаше тогаш да биде прифатен.

Денес после една година од донесувањето на тогашниот закон и воведувањето на овие давачки, сите резултати, сите анализи, покажуваат дека треба да се укинат фиксните давачки за цигарите при малопродажната цена.

Ова ќе го илустрирам со неколку бројки кои што дел ги имате во материјалите во состав на образложението ви се доставени, а дел ги немате.

Имено, со воведувањето на новиот начин на пресметување на давачките на цигарите со акцизите од 1996 година кога беше заменет дотогашниот начин на пресметување данок на промет Република Македонија бележи раст на легално продадени оданочени цигари до 1999 година. Од крајот на 1999 година до 2002 година имаме стагнација односно исто ниво приближно на продадени оданочени цигари и периодот од 2003, 2004, 2005 година покажува драстичен пораст на легално продадени оданочени цигари така да на крајот на 2005 година се стигна до количината од 4 милијарди и 350 милиони продадени оданочени цигари, а реално македонскиот пазар се проценува на околу 4,4 милијарди цигари на годишно ниво. Сето тоа покажуваше дека Македонија постигна позитивни чекори во однос на продадени оданочени цигари. Во тој период се проценуваше дека Република Македонија има некаде 6% продажба на црн пазар на цигари, а во дел од развиените западно европски земји тој процент е 12 - 13%.

За жал податоците кои што покажуваат и по однос на приходите од акцизи се покажува дека од 2003 на почетокот до крајот на 2005 година има постојан раст на приходите по основ на уплатени акцизи од тутунски преработки во Буџетот на Република Македонија. За да во 2006 година иако имаме зголемување на акцизата на цигарите, затоа што се премина на новиот начин на пресметување на акцизите, во периодот јануари-септември за кој што јас до тогаш имам податоци, имаме намалување 7,1% во однос на планираните, а само 2,2% зголемување во однос на претходната година за истиот период иако имаме зголемување на пресметувањето на акцизата, за да после тие три месеци односно октомври, ноември, декември имаме повторно драстичен пад на приходите по основ на акцизите од цигарите. Или во количини само да ви напоменам дека во 2005 година продадени се 4 милијарди 467 милиони цигари. Во 2006 година продадени се 3 милијарди 278 милиони цигари или негатива од милијарда и 189 милиони цигари или помалку за 26,6%. Веднаш да им одговорам на оние кои што ќе кажат дека во 2006 година него сега да правиме споредба ќе им кажам дека 2006

година 2/3 беше претходната Влада во која што и Либерално демократската партија беше една од парламентарното мнозинство, а 1/3 беше новата Влада. Така да не можеме да си префрлуваме ни едни на други кој е виновен а резултатите покажуваат 26,6% намалување на оданочените цигари во Република Македонија.

Уште еден податок ќе ви кажам. Во јануари месец оваа година продадени се само 260 милиони оданочени цигари во Република Македонија. Ако се продолжи со ова темпо годината нема да ја завршиме со повеќе од 3 милијарди продадени цигари, а сметајте, значи милијарда и пол количина на цигари по која цена ќе се слеат во приватни џебови. За тоа ќе остане покус и Буџетот на Република Македонија, за тоа ќе се зголеми шверцот во Република Македонија.

Основните причини кои што доведоа до ваквата ситуација ќе повторам уште еднаш, според мене, е цената на цигарите во Република Македонија. Република Македонија е единствена земја покрај Србија која што има само еден мал фиксен додаток за здравството која што во Европа има вакви давачки. Останавме единствена држава во Европа. За да уште проблемот биде поизразит со ваквите давачки придонесовме цената на цигарите во Република Македонија да биде драстично поголема од цигарите во соседството.

Само ќе ви дадам еден пример. За цигари од иста класа на цигари во Република Македонија на пример да земеме Вест лајт, која што во Република Македонија едно, две евра по кутија, во соседството во Косово е 0,9 во Албанија е 0,8 во Србија 0,9 евро центи. Што значи разликата по кутија цигари е 0,4 односно по одредени видови цигари таа достигнува дури 0,7 евро центи односно 0,70 евро центи што значи дека тоа претставува додатен огромен мотив за зголемување на нелегалната трговија односно продажба на цигарите во Република Македонија. Ние од 1 јануари имаме додатно зголемување на давачките на акцизите во Република Македонија што придонесе да деновиве се очекуваат нови поскапувања на цигарите.

Сето ова според мене, ваквиот начин на продажба на цигарите во Република Македонија овозможи поттикнување на сивата економија во Република Македонија, неможност за реално планирање на приходите во Буџетот на Република Македонија. Исто така, нанесе голема штета на домашното тутунско производство односно на домашната тутунска индустрија. Во оваа прилика ќе ви прочитам само една изјава на ново поставениот директор на Тутунски комбинат Прилеп кој што го постави Владата господинот Димитриоски, кој што во време од 9 јануари изјавува дека ќе промовираме да ги вратиме странските пазари, за што таму ги немаме давачките што не исфрлаат од игра на домашниот пазар. Оваа изјава на господинот Тони Димитриоски, новиот директор на Тутунскиот комбинат Прилеп, поставен од оваа Влада, од Владата на ВМРО-ДПМНЕ, што значи не е ова кажување само на претставник од опозицијата, еве и вашите луѓе кои што ги поставивте на тоа укажуваат.

Со ново предложеното решение што јас и господинот Манасијевски го предлагаме, сметаме дека прво ќе се овозможи пореално планирање на приходите во Буџетот.

Второ, ќе имаме подобра искористеност на производствените капацитети во Македонија. Тука се трите тутунски комбинати, намалување на сивата економија, ќе се спречи одлив на пари од Буџетот на Република Македонија и ќе се спречи полнење на буџетите со пари на соседните земји, затоа што колку и да сакате тоа поинаку да го толкувате, со оглед на тоа што еден голем дел на тутунски производи, т.е. цигари, произведени во Република Македонија, се продаваат во соседството. Таму се плаќаат во буџетите на соседните држави акцизите и потоа цигарите ни се враќаат за продажба во Република Македонија. Имаме двојна штета.

Сметам дека со ваквиот начин ќе се отстранат негативните импликации врз тутунската индустрија во Република Македонија.

Сега би сакал накратко да се осврнам на мислењето кое што го добивме од Владата на Република Македонија. Расправајќи по Ребалансот за 2006 година имавме изјава на министерот за финансии господинот Трајко Славески дека Владата на Република Македонија размислува за укинување на давачките на цигарите кои што произлегуваат по Законот за тутун и тутунски производи и по однос на давачките кои што произлегуваат за здравствена заштита. Истата изјава ја имавме и од заменик министерот за здравство господинот Лазаревиќ, кој што кажа дека воведувањето на давачката на цигарите за здравството треба да се укине. Но за жал, тоа го кажаа и овде на оваа говорница и двајцата, а кога отидоа во Владата дадоа негативно мислење. Ако добро го прочитаат мислењето кое што го дадоа од страна на Владата, освен последниот став, каде што вели дека Владата дава негативно мислење, сето друго овде кое што го зборуваат би требало да оди во позитивна насока и да имаше позитивно мислење. Велат дека средствата биле планирани во Буџетот на Република Македонија и доколку се усвои овој закон би имало намален прилив по основ на акцизи во Буџетот на Република Македонија. Во старт, не се согласувам со таквото мислење заради тоа што бројките зборуваат сосема спротивно. При укинување на овие давачки ќе имаме зголемена продажба на цигарите во Република Македонија, ќе се вратиме на нивото од 2005 година, на 4,5 милијарди продадени цигари и ќе имаме многу поголеми приходи по основ на акцизи. Во оваа прилика, не сакам да ве заморам, овде се сите податоци од Министерството за финансии и покажуваат дека во 2003, 2004 и 2005 година имаше постојано

пораст на приливот по основ на акцизи од тутунски производи. Денеска имаме интервју од Трајко Славески, министер за финансии во “Утрински весник”, во кој што вели: јануари беше исклучително добар, некаде над 30% имаше натфрлање на проекциите, освен кај акцизите каде што имаше мало потфрлање. Ова мало потфрлање не е поткрепено со бројки да видиме колкаво е тоа, но самиот признава дека е потфрлање на приходите по основ на акцизи за месец јануари во Буџетот на Република Македонија.

Вториот апсурд невиден кој што го имаа Владата во мислењето е дека илегалната трговија немало да се сузбие со намалување, или укинување на даночните оптоварувања. Ова е за во теоријата на економијата, за во било која држава во светот. Истите луѓе, од ВМРО-ДПМНЕ кога беа во предизборната кампања ја имаа секаде следнава реченица: “Со намалувањето на давачките ќе се зголемат приходите во Република Македонија, бидејќи нема да има интерес за нелегална трговија во сите сфери”. Сега истите тие ни даваат мислење во кое што велат дека илегалната трговија нема да се намали со намалување и укинување на даночните оптоварувања.

Јас знам дека пратениците нема да го прифатат овој закон, затоа што не од некоја друга причина, заради тоа што ќе се раководат од мислењето кое што го има дадено Владата на Република Македонија. Но морам да ви кажам има неколку нелогичности во тоа.

Првата нелогичност е следна. На Комисијата за земјоделство, шумарство и водостопанство, заменик министерот за финансии, објаснувајќи дека тие ќе ја сузбијат нелегалната трговија со цигари, рече дека оваа година по основ на овие приходи очекуваат милијарда денари приход во Буџетот и со тоа ќе обезбеделе одредени субвенции.

Значи, заменик министерот за финансии призна дека годинава нема да има продажба на повеќе од сто милиони кутии цигари, или од две милијарди цигари. Има една нелогичност. Или е нелогичноста во планирањето на акцизите на Буџетот, или во Министерството за финансии не знаат колку ќе приберат по основ на давачки, односно фиксните давачки од цигарите за оваа година.

На крајот би сакал да укажам, времето ќе си покаже колку сум бил во право, но убеден сум дека неприфаќањето на овој закон и Законот за измена на Законот за здравствена заштита, кој што исто така се однесува на укинување на фиксните давачки, значи директна поддршка на шверцот на цигарите во Република Македонија. Не прифаќањето на овој закон значи диригирање од еден центар, при носењето на ваквите закони, кои што придонесуваат за нелегална трговија со цигари. И не прифаќањето на овој закон укажува на фактот дека и оваа Влада продолжува во интерес на некои странски тутунски компании да ја зголемуваат цената на продажбата на цигарите во Република Македонија и да им предизвикува директна конкуренција со директни штети.

Тука е пред мене заменик министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство. Пред Нова Година ми кажа дека по Нова Година ќе има измени по однос на странските и домашните цигари, како ќе обезбеди пробив на нашите цигари на тие пазари каде што сега ни е овозможено. Денеска сме 20 февруари со истата таа држава и понатаму Владата на Република Македонија го продолжи истиот начин на третирање на домашното тутунско производство. Ви благодарам.

**Бесим Догани:** Ви благодарам господине Најдовски.

За реплика се јави Панче Дамески, повелете.

**Панче Дамески:** Благодарам почитуван потпретседателе, почитуван заменик министер, почитувани пратеници,

Го слушнавме излагањето на предлагачот на овој закон, за кој расправавме и на Комисијата за земјоделство, шумарство и водостопанство. Јас повторно ќе кажам зошто не се согласувам со предложените мерки. Имаме едно тешко изврнување на тезите од господинот Слободан Најдовски дека висината, односно високата цена на цигарите е причина за шверцот на цигарите во Македонија.

Да се потсетиме дека овде во Македонија за време на нивното владеење, на нивната власт имаше шверц на цели шлепери на цигари, заштитени од МВР, заштитени од Царината. Дека тоа е така е судскиот епилог што е веќе во Тутунскиот комбинат во Прилеп, каде што се откриени сторителите и се гледа дека тутунската мафија во Македонија беше длабоко вкоренета во високи политички кругови на бившата власт. Што значи дека високата цена на цигарите воопшто не е причина за шверцот на цигари во Македонија. Тоа значи е една од тезите за која Слободан Најдовски го предложи овој закон. Значи, сивата економија ве уверувам дека нема да ја намалиме со продажбата на цигарите туку со спроведување на построга царинска контрола, со казнување и апсење на тие што ја спроведуваат, односно со апсење на личности од тутунската мафија и со поголема контрола на МВР.

Други податоци кој ги кажа, јас ве уверувам дека оваа година, врз основа на оваа давачка на цигарите, дека за тутунопроизводителите ќе се соберат најмалку 600 милиони денари, со кои ќе се обезбеди премија за околу 30 денари по килограм тутун за реколтата од 2006 година.

Ако ги нема овие давачки, сигурен сум дека премијата за тутунопроизводителите ќе биде многу помала, а прашање е дали воопшто ќе ја има.

Да не заборавиме исто така да нагласиме овде дека Република Македонија е членка на

Рамковната конференција, Конвенцијата за контрола на тутунот, на здравствената организација и има обврска да ја намали понудата и потрошувачката на тутун. Верувајте, ние ќе бидеме единствена земја, единствен Парламент во светот каде што е почната активна светска кампања против пушењето, ние да го промовираме пушењето со намалувањето на цената на цигарите.

**Бесим Догани:** Благодарам.

Има збор заменик министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство.

(Пратеникот Слободан Најдовски укажува: “Јас сум предлагач на законот”).

Господине Најдовски, не сте во тек што се случува. Имаше технички проблем и министерот не можеше да се јави за реплика.

Повелете господине Најдовски.

**Слободан Најдовски:** Една минута контра реплика, на господинот Дамески сакам да му кажам нешто. Ја подржувам секоја борба против оние кои направиле криминал, но нема да бидам тој што пред време некому ќе му пресудам. Тоа нека го пресудува судот.

Господине Дамески, и во претходниот Парламент, а и сега се борам токму поради тие кои правеле криминал, а на начинот на кој вие сакате да се борите против криминалот, вие работите за криминалците. Тоа е првата работа.

Втората работа: со овој начин, ако обезбедите само 600 милиони за премијата на цигарите, ќе го зголемите шверцот во Република Македонија. Треба да обезбедите 2,5 милијарди денари ако останат давачките. Благодарам.

**Бесим Догани:** Благодарам.

Има збор заменик министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство Перо Димшоски, повелете.

**Перо Димшоски:** Почитуван потпретседателе, сакам да кажам само некои коментари во однос на предлогот кој го разгледавме со исклучително големо интересирање, кој е прилично добро изработен. Сакам да им се заблагодарам на пратениците Најдовски и Манасиевски за овој предлог.

Како што рековме во Информацијата, овој предлог доаѓа доцна, откако се изработи Буџетот на Република Македонија, каде што има одредени проекции на приходите во однос на акцизите што ќе бидат собрани од цигарите и со оглед на тоа, не може да се примени сега. Затоа препорачуваме да не се прифати. Меѓутоа, би сакал да останеме на оваа дискусија, нека го задржат мислењето пратениците, Владата има отворен дијалог во однос на конструктивни предлози.

Што се однесува до коментарот за отворање странски пазари, веројатно пратеникот Најдовски не ја слушнал добро веста дека преговорите за ЦЕФТА завршија позитивно за Република Македонија. До последен момент Македонија се бореше да издејствува рамноправна положба за сите продукти, вклучувајќи ги и цигарите, за сите потписнички нови членки на ЦЕФТА. Тоа се оствари. Таа Спогодба сега е во фаза на имплементација, сеуште не е потпишана од членките, меѓутоа, тие се обврзни да ја имплементираат. Ние ги известивме производителите на цигари во нашата држава дека некои пазари веќе им се отворени кои беа затворени по основ на повисоки акцизи во однос на увозните цигари. Тој проблем претходната Влада не го потегна, тој беше наследен на оваа Влада и ние ќе вложуваме секакви напори да имаме рамноправен пристап со нашите партнери во соседството и пошироко. Благодарам.

**Бесим Догани:** Благодарам.

Контра реплика од една минут аима пратеникот Слободан Најдовски.

**Слободан Најдовски:** Не, потпретседателе, за дискусија се јавувам затоа што мислам дека една минут ами е малку да се произнесам. Сепак, ќе бидам краток.

Господине заменик министер, се извинувам, но повеќе за јавноста да кажам за вашата констатација дека задоцнивме со предлагањето на законот, а проекциите беа направени. Законот е поднесен на 1.12.2006 година. Тоа што вие како Влада сте дале мислење дури на 26.12.2006 година, тоа го покажува - не на вас конкретно туку на Владата - односот кон пратениците. Расправата за Буџетот во Собранието на Република Македонија не беше започната кога беше поднесен законот. Тоа е првата работа.

Околу втората работа за пробивот на нашите пазари, на нашите цигари на странските пазари, да не го отвораме прашањето сега. Вам ви е добро познато за кои пазари зборуваме. Точно е дека со договорите за ЦЕФТА тоа ќе го потпишете, но до крај точно е и тоа дека не ви е усогалсено.

И трета работа, поставените услови кои за дел од државите кои влегоа во ЦЕФТА, кои ги поставуваат на нашите тутунски комбинати кои се надвор од сите правила на економската логика, ќе им оневозможат на нашите тутунски производи да се пласираат на тие пазари, а истите тие заземаат голем процент од продажбата на цигари во Република Македонија. Вам ви е сигурно доволно познато, но мислам дека не е моментот сега. Не сакам да ги нарушам односите меѓу нашата Влада и соодветните држави членки на ЦЕФТА, за кои сум убеден дека во најскоро време нема да постигнете договор ако вака попуштате. Благодарам.

**Бесим Догани:** Благодарам.

Има збор министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство, како реплика на говорот на господинот Најдовски, повелете.

**Перо Димшоски:** Благодарам.

Не знам кои аргументи да ги употребам. Договорот е потпишан, земјите членки се обврзани да го почитуваат. Тој е во фаза на имплементација во првата половина на оваа година. Ако имате некои други информации различни од овие што јас ги имам, ве молам да ми ги доставите, бидејки јас бев исклучително заинтересиран за ова прашање.

Во однос на законите, термините и датумите кога се дадени овие предлози, кажувам најодговорно дека предлогот е исклучително интересен, го разгледавме повеќе луѓе во Министерството, меѓутоа, доаѓа во време кога Буџетот веќе е преопределен. Благодарам.

**Бесим Догани:** Благодарам.

Има збор пратеникот Тале Герамитчиоски, повелете.

**Тале Герамитчиоски:** Почитуван потпретседателе, почитуван заменик министер, почитувани колеги,

Излегов на оваа говорница да дадам лична подршка за усвојување на Предлогот за изменување на Законот за тутун. Имено, голем дел од населението во Република Македонија се занимава со тутунопроизводство. Во услови на висока стапка на невработеност во некои региони ова претставува единствен основен извор на егзистенција. Нема да кажам ништо ново ако кажам колку е актуелно и значајно да се подржи оваа дејност, да се подржат овие луѓе.

Од осамостојување на Република Македонија, значи 15 -16 години наназад при губење на единствениот југословенски пазар, во оние моменти кога Република Македонија добиваше навистина доста добар прилив, инекција во својата економија од тутунопроизводството, условите драстично се променија, така што Тутунскиот комбинат- Прилеп кој беше еден од оние институции кој над 35% од потребите на цигари во поранешна СФРЈ ги надополнуваше, се променија драстично условите на разрушување на пазарот, дојдоа тешки моменти во тутунопроизводството и луѓето кои традиционално семејно го произведувале дојдоа навистина во незавидна ситуација. Неколку пати различни политички гарнитури со помал или поголем успех се обидувале да ја начнат оваа тема, со помал или поголем успех да се обидат да ги решат овие состојби, но евидентно е дека безуспешно до сега се обидувале.

Во минатиот состав, значи претходната Влада, за која почитуваниот колега се обиде политички повторно да стави нешто во контекст на некои манипулации или финансиски малверзации кои немаат нешто позначајно со самиот Предлог на закон, се обиде институционално да започне да го решава овој проблем. Се предложи закон за тутун, во кој се дадоа одредени одредби, одредени смерници, правци на кој начин тутунопроизводителите ќе се стимулираат во оваа дејност со одредена премија. Претходниот состав на Парламентот го изгласа тој Закон. Дали тој Закон беше добар или лош, можеме да отвориме дебата, да анализираме по одредени решенија, да се согласуваме или да не се согалсуваме со можноста за имплементација на одредени негови одредби, но се започна институционално да се решава проблемот. Сега многу е тешко од оваа говорница да зборувате за тутунопроизводството, а да не бидете обвинети дека од политички аспект заради некои политички маркетинг ја покренувате постојано оваа тема. Но секогаш кога сум дискутирал сум се обидувал работата да ја канализирам во еден правец, дајте да го решиме овој проблем кој што години наназад само се влошува а никако не успеваме да допреме до едно оптимално решение. Согласно со тој закон се воведе давачка на цигарите, значи на една кутија цигари плус 5 денари издвојување за здравството, плус 3 денари за тутунопроизводителите. Можеме да дебатираме, јас лично не се согласувам со едно такво решение, но нема врска, се донесе такво решение. И што се направи? Се зголеми цената на цигарите, се предизвика одреден дисбаланс во пазарот, се намали потрошувачката на цигарите, се предизвикаа проблеми во приливот на средства и дискутабилно е колку тоа решение беше најсреќно избрано за да се создаде реален извор на средства со кои ќе се стимулира тутунопроизводството преку соодветна премија на тутунопроизводителите. Сега настапи изборниот период со поклопување на имплементацијата на овој закон, но факт е дека за реколтата 2005-2006 година се исплати првата половина од премијата од 30 денари, која што беше предвидена. Факт е дека согласно со тоа законско решение, обврската на оваа Влада беше да ја заврши таа обврска, да ја исплати втората половина од тие 15 денари. Опозицијата инсистираше преку ребалансот на Буџетот да се заврши таа обврска. Преку усвојување на новиот Буџет за 2007 година амандмански интервенираме да се обезбедат средства за да се заврши таа обврска. Исто така, се предложи до овој собраниски состав точка на дневен ред на претходната седница како Инфорамција од група пратеници, меѓу кои бев и јас, за откупот на тековната реколта и сите проблеми кои произлегуваат од тоа. Евидентно е дека проблемот не се решава, туку напротив се продлабочува. Евидентно е дека двајцата пратеници предлагачи на законот сакале да придонесат да се разреши овој проблем преку изнаоѓање на еден нов извор на средства, со кои ќе се регулира овој проблем. Евидентно е дека се настојува да се изнајде некое оптимално решение. Дали тоа е најсреќно решение, не знам, но во овој момент е факт дека ние од парламентарната опозиција немаме опиплив доказ дека Владата настојува да го разреши тој проблем на поинаков начин, освен декларативни заложби или изјави во јавноста дека нешто се подготвува, нешто ќе се спроведе.

Да потсетам, при трансфер на власта од една на друга влада се преземаат и обврски, уште повеќе ако тие обврски се од претходниот закон. Од неразбирливи причини вие не сакате да ги преземете тие обврски. И тогаш и сега повторувам, не ви се допаѓаат решенијата во законот - во ред, нека се изменат, но до тогаш преземените обврски треба да бидат исполнети. Секогаш кога се започнувале анализи, барем според она со кое индирекно сум бил запознат, бидјеки сум бил член на три владини состави, не сум бил директно вклучен во земјоделието но сум имал прилика да ги видам дебатирањата на основниот проблем за разрешување на овој проблем, изворот на средства. Со ова предлагачите настојуваат да се намали цената на цигарите и не држат оние забелешки дека ќе бидеме единствена земја во светот која стимулира продажба на цигари. Тоа е навистина неодржливо и тутунопроизводителите тоа воопшто нема да го разберат.

Кои се стратешките приоритети на оваа Влада во делот на земјоделието? Да се стимулира ли тутунопроизводството или не, се признава ли дека тутунопроизводството и во минатото и сега е добар извор на прилив на девизни средства за оваа држава или не. Настојува ли некако со некои директни средства да ги стимулира тутунопроизводителите со одредена премија или регрес во одредени импути во самото примарно производство или не. Тоа да го видиме и до колку тоа не го видиме, секогаш пратениците од опозицијата ќе излегуваат со одредени предлог решенија кои можеби заради непознавање на активностите на Владата се преклопуваат или не до крај се вклопуваат во макроекономската политика на Владата и во доменот на земјоделското производство. Значи едноставно немаме увид на тие активности, освен во декларативните заложби.

Мислам дека образложението кое го слушнав од Владата, предложеното решение е добро но е задоцнето, односно Владата има други активности и приоритети и ќе се разреши тој проблем на поинаков начин. Не слушнав тогаш од минситерот за финансии, доколку вие како заменик министер дадете директен одговор на директното прашање кога ќе се исплати премијата од втората половина од 15 денари за реколтата 2005 - 2006 година, која како обврска е преземена од имплементацијата на претходниот закон. Дали воопшто ќе се исплати, дали тие 600 милиони кои ги посочивте се за реколтата 2006-2007 година, значи сега за новиот откуп, а што станува со старата обврска. Што станува со онаа обврска која земјоделците ја чекаат.

Верувајте, не би сакал повторно да влегувам во реплики. Ова што го зборувам не е од политички маркетинг. Ова што го зборувам не е за политичко додворување на една популација од градот од кој доаѓам, а дел на население и претставувам во овој Парламент.

(Дофрлување од страна на пратеници).

А ова зошто е? Ова е од проста причина што треба да се изнајде едно решение, решението е дадено фо форма на закон и најмалку нешто што очекувам е парламентарното мнозинство да го предложи.

Почитуван потпретседателе, ве молам, согласно Деловникот вие треба да обезбедите услови секој пратеник да го искаже својот став.

Неколку пати имам забележано ниту јас некогаш од место сум дофрлил ниту сакам такво нешто да се случи. Тоа е прашање на културата на секој човњек.

**Бесим Догани:** Процедурално од три минути за господинот Панче Дамески, повелете.

**Панче Дамески:** Ве молам, господине потпретседател во иднина да ги следите дискусиите на пратениците, бидејќи ова беше чисто политиканство, политички маркетинг, ве молам да ги прекинувате пратениците кога не зборуваат по точката на дневниот ред.

**Бесим Догани:** Благодарам.

За збор е пријавен господинот Есад Рахиќ, повелете.

**Есад Рахиќ:** Почитуван потпретседателе на Собранието, почитуван заменик министер, почитувани колеги.

Многу е тешко кога се зборува за еден ваков закон, се согласувам со колегата од ВМРО, меѓутоа, утврдете во која функција е говорот дали е во политиканство или само желба да се реши проблемот кој реално го имаме.

Јас многу кратко ќе се обидам да го кажам моето размислување, инаку, ќе го поддржам овој Предлог на моите колеги затоа што сметам дека е добар обид да се реши оваа криза и недостаток односно дефицит во делот на акцизите, но од друга страна да се помогне на овие луѓе кои се бават со непосредно производство на тутун. Во мојата дисксија, ако се сеќавате, кога беше за Буџетот, сметав дека оваа Влада и останатите треба да имаме една развојна стратегија и заменик министерот кој има особен интерес за ова, треба да размислиме што оваа држава може да ја води напред.

Јас сум еден од луѓето што сметам дека со едно интензивно земјоделство можеме да направиме вистинско место за живеење од Република Македонија и дека една од културите по кои Македонија е препознатлива во светот, тоа е еден наш бренд, жолтото злато од Република Македонија.

Ова го кажувам затоа што не е политиканство, меѓутоа, само како една добра намера и сугестија, претпоставувам дека и Владата за неколку месеци така како колегата Најдовски ќе донесе сличен ваков закон со намера она што го предложи во предизборната кампања и она што е програма на владината коалиција да се преточи во реални не ветувања, туку во реалност.

Значи, во Република Македонија годишно се произведуваат 20 до 30 илјади тони тутун за кои имаме девизен прилив околу 100-тина милиони долари. Она што сакам да укажам, инаку не сум експерт иако реков, согласно тоа што како млад човек сум имал прилика, некој се смееше кога ги спомнав Сушица, Банско и реонот на Прилеп, Струмица и останатите градови каде ретко квалитетен тутун се произведува, а согласно барањето на стратешки партнери нашите компании ќе треба да го зголемат производството барем двојно. Така се отвора голема можност и затоа претпоставувам дека дел од ова што господинот Најдовски сакаше да го каже е во насока на зголемување на производството на тутунот. Како можеме да го зголемиме производството на тутунот? Само под услов ако она што на земјоделците им е ветено, не зборувам од оваа Влада или од другите, зборувам генерално за сите влади во последните 16 години, не зборувам за шверц на цигари во претходната или во некоја друга Влада. Шверц имало и ќе има ако ние како дел од таа политичка елита не го спречиме. Делови на наши влади го прават тоа. Луѓе кои лично ги познаваме. Се согласувам со вас тоа треба да го спречиме.

Што ми е идејата? Тука сакам на заменикот министер како една добронамерна сугестија, од сабота 11 февруари господинот Златко Арсов многу убаво кажа. Со влегувањето на Бугарија во Европска Унија, бидејќи Европјаните се трудат да си го заштитат здравјето, количеството на извезен тутун ќе се намали. Не верувам дека Бугарија ќе има можност да извезе затоа што во делот на политиката со Европската Унија тие се трудат тотално да го сочуваат своето земјоделско производство. За Македонија се отвора простор двојно да го зголеми своето производство. Тоа значи ако имаме 100 милиони долари приход да имаме 200, 250 или 300, тоа ќе оди во корист на државата.

Она за што сметам дека е поднесен овој закон е на земјоделците на кои ние им ветивме, кога велам ние мислам на сите нас 120 пратеници дека ќе им платиме најниска цена од 150 денари, па потоа со класификација да достигнеме втора, трета, четврта класа, а реално не е така, така ги полниме џебовите на приватните што го откупуваат. Тутунот се откупува по 30, 40, 60 денари килограм. Само за информација, колегите го знаат, до 4 евра се плаќа одреден тутун со одреден квалитет во земјите на Европска Унија. Значи, до колку дел од овие средства им се плати на земјоделците ќе се зголеми производството, зголеменото производство ќе го зголеми извозот, ако се зголеми извозот ќе се зголемат парите во касата на Владата, Буџетот ќе биде поголем и тогаш сите ние ќе имаме бенефит од тоа.

Затоа сметам, без оглед на нервозата, затоа зборувам кратко и секогаш кратко ќе зборувам, овој Предлог од колегите без оглед дали ќе гласаме или не, треба да најдеме сериозно разгледување од страна на Владата и ако ова не им се допадне Владта мора да најде модус да донесе некој друг закон кој ќе биде прифатлив и за Владата и за опозицијата, а најмногу за производителите да им се дозволи на тие луѓе што чесно работеле, чесно да си го наплатат трудот. Благодарам.

**Бесим Догани:** Благодарам.

За збор е пријавен заменик министерот Перо Димшоски, повелете.

**Перо Димшоски:** Почитуван потпретседателе, сакав мала реплика во однос на претходните два дискутанти. Вториот ја спомна, влегуваат во контраверза. Ние не можеме да ги субвенционираме откупувачите на тутун. Само да го видиме ефектот од тие субвенции во тутунот и до колку се најават некакви субвенции, така беше во минатото, откупната цена паѓаше.

Во Македонија има неколку откупувачи кои се сериозни, ние сакаме да ги задржиме како Влада и сакаме да го зголемиме тој број, но тие да бидат сериозни партнери. Тоа е една од стратегиите со која го помагаме ова производство.

Доста сме ангажирани околу изнаоѓање нови пазари за пласман на овој ориентален тутун што се произведува во Македонија. Меѓутоа, овде сакам да нагласам една работа. Прво, воодушевен сум што гледам толку експерти во законодавниот дом по оваа проблематика.

Тутунската индустрија во Македонија е во исклучително добра ситуација. Тутунот е број 2 како извозен продукт на оваа земја после никелот. Учествува со голема стапка во платниот биланс на државата. Сигурно дека тоа производство ќе расте од аспект на тие моменти што ги спомна претходниот дискутант дека остануваме единствено подрачје за производство на ориентален тутун во регионот и пошироко. Таа шанса во секој случај ќе ја искористиме, ќе ја искористиме до колку не паднеме во стапица на производување на популистичка политика. Најлесно би било на оваа Влада или било која влада да го раздели Буџетот на сите граѓани на Република Македонија подеднакво и да немаме никаков буџет и секој да си биде сам за себе. Тоа не е поентата. Законите колку да се со добра намера нема секогаш добри ефекти. Од аспект на Предлогот на овој закон производството на цигари нема никаква врска ни продажбата со производството на ориентален тутун. Македонија увезува тутун за производство на цигари. Ориенталниот тутун што се произведува во Македонија оди исклучително за извоз. Тие се комплетно две различни дејности.

Уште една работа, без да должам многу, претходниот дискутант спомна дека единствен проблем во целиот овој сектор е Тутунскиот комбинат Прилеп. На тоа поле сите заеднички треба да работиме, а не само Владата, туку сите пратеници од сите политички партии, бидејќи се

одолговлекува како проблем во сите влади. Бараме решенија, одлучни сме да најдеме.

**Бесим Догани:** Благодарам.

Контра реплика од една минута за Есад Рахиќ, повелете.

**Есад Рахиќ:** Благодарам потпретседателе.

Почитуван господин заменик министер, мојата дискусија ја кажав затоа што прочитав дел од нешто што пишуваше еден господин доктор по науки од Катедрата за тутун. Не е ништо спорно. Главните експерти седат на местата каде вие седите. Ние 98% од законите што ги гласаме се носени од владите, од таквите како вас, без разлика дали биле од ВМРО или од СДСМ. Резултатите од тоа што го имаме 16 години е од експертите што седат до вас. Парите од даночните обврзници ќе ги дадеме да се купи нов мерцедес за министерот за правда затоа што му го украдоа стариот. Ова не е демагогија, јас со најдобра намера сакајќи да дадам поддршка на она што вие го зборувавте, бидејќи претпоставувам дека знаете што зборувате, само да ви кажам дека со 500 евра што ќе земе еден земјоделец во прилепско со реколтата што ќе ја продаде не може да ги покрие трошоците на производството, а не да живее или да профитира. Тоа ми беше идејата.

**Бесим Догани:** Благодарам.

Има збор пратеникот Слободан Најдовски, повелете.

(Реакција од пратеникот Тале Герамитчиоски бара и тој контра реплика на заменик министерот, бидејќи беше спомнат).

Не, на Есад Рахиќ му реплицираше.

**Слободан Најдовски:** Потпретседателе, јас ќе се обидам накратко уште еднаш да ја вратам темата на разговорот, она што е суштината на законот иако ги поддржувам другите дискусии, но сметам дека се за една друга расправа и за друг закон.

Сакам да прокоментирам две-три работи кои беа изнесени во расправата по однос на овој закон.

Прво, околу прашањето на ЦЕФТА, господине заменик министер јас реков дека ве поддржувам, но коректно е да кажете дека преговорите се започнати пред две ипол години, некој друг веќе ги започнал. Немојте тоа да си го припишувате, јас прифаќам дека во тој дел не сте доволно информиран со оглед на тоа што бевте отсутен од земјата, но мислам дека е коректно.

Втора работа, мислам дека од господинот Дамески беше импутирано дека со овој закон кога во целиот свет се борат против потрошувачката на цигарите ние ќе ја стимулираме, тоа е едно од залагањата на Светската здравствена организација. Јас ве убедувам дека погрешно се размислува на таа тема во Република Македонија. Погледнете ги анализите на потрошувачката на цигарите на големите тутунски компании во светот ќе дојдете до заклучокот дали се стимулира продажбата на цигари или се стимулира само продажбата на одреден вид на цигари.

Во минатиот Парламент два пати предлагав еден закон со слична проблематика, за ограничување на потрошувачката на тутунските производи или таканаречениот закон за заштита од пушење и рекламирањето на цигарите. Укажував дека Законот кој е моментално на сила во Република Македонија нема да заживее и дека не е добар закон, овде останавме само неколку пратеници што имаме такво размислување. Денеска пак го поставувам прашањето на сите тие што тогаш беа контра мене дали тој Закон денес се спроведува, дали ја уништивме домашната тутунска индустрија заради тоа што имате земји, високо развиени земји од Западно-европската Унија каде е дозволено рекламирањето на цигари на билборди, на спортски натпревари, а ние “јаките мажи” забранивме рекламирање на домашни производи и пуштаме сега едно дете од една година да се натпреварува со некој од 20 години, некој што има бренд кој го создавал години и векови, а ние сега треба да пробиваме наши домашни цигари. Таа грешка ја плативме сега после година дена со некои пратеници што размислуваат како сега и не го поддржаа тој закон.

Следното што би сакал да го прокоментирам, заменикот министер рече дека Владата не може да го раздели Буџетот, да дава такви субвенции. Господине заменик министер не издвојувате ни денар од Буџетот за тутунопроизводителите. Премијата на тутунопроизводителите ја плаќам јас и илјадници пушачи на цигари во Република Македонија. Има фиксна давачка од 3 денари по кутија која со законн е определена дека не може за ништо друго да биде наменета освен за поттикнување на примарното тутунско производство, промоција 0,10 за извозот и примарното земјоделско производство.

Република Македонија и оваа Влада не одвојува ни денар од Буџетот. Овие пари се од нас кои купуваме цигари. Напротив, од тие пари што ги собирате од нас, кои по закон треба да гид адете на тутунопроизводителите, не ги давате, не вие, туку Министерството за финансии.

Не сакам повеќе да убедувам никого, но камо да не сум во право. Би сакал на крајот на годината да ви се извинам и да кажам дека Република Македонија има продадено 4,5 милијарди игари и оданочени. Јавно ќе ви се извинам пред сите, но барам од сите вас тогаш да ја сносите одговорноста ако Македонија има под 4,5 милијарди оданочени продадени цигари за оваа година. Тогаш вие директно сте соработувале со оние кои биле за нелегална продажба на цигари во Република Македонија. Живи и здрави ќе го видиме крајот на годината, па ќе видиме кој бил во право.

**Бесим Догани:** Има збор Тале Герамитчиоски, повелете.

**Тале Герамитчиоски:** Заменик министерот кажа една реченица која навистина ни се допадна. Вели да не употребуваме политички популизам за било какви цели, барем во оваа област. Јас се согласувам, тоа го кажав на говорница, но почитуван заменик министер тој политички популизам вас ве донесе на власт. Не одев јас на барикадите да им ветувам брда и долини, туку дел од овој пратенички состав одеа ...

**Бесим Догани:** Господине, имате збор, а не реплика. Јас ви дадов збор. Зборувајте за законот, а не за избори.

Уште еднаш ве потсетувам немате реплика, туку имате збор.

**Тале Герамитчиоски:** Заменик министерот во образложението кажа дека оваа Влада има интенција да ги задржи традиционалните откупувачи на тутунот кои се на ова подрачје. Сега не ми е јасно дали станува збор за откупувачите на суров тутун или се предвидуваат други механизми и мерки за стимулација на секундарното производство на финалниот производ.

Овој Предлог на закон од двајцата пратеници се однесува на финалниот производ на цигарите, бидејќи секој оној кој и малку има информации за оваа дејност знае дека главниот девизен прилив доаѓа од продажбата на цигарите, од продажбата на финалниот производ, а никако од стимулирање на откупување на суровиот тутун кој понатаму ќе си најде свое место на европските и светските берзи.

Самиот Предлог на закон е посеопфатен во тој дел на намалување на цената на финалниот производ и изнаоѓање на дополнителни средства кои ќе бидат употребени во функција на стимулирање на примарното производство.

**Бесим Догани:** Благодарам.

Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот.

На Собранието му предлагам да го усвои следниот Заклучок:

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за изменување на Законот за тутун и тутунски производи.

Ги молам пратениците да седнат на своите места да пристапиме кон гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласаа 59 пратеника, за гласа 16, воздржани нема, против гласаа 43.

Ќе ги замолам службите да ни достават број на присутни пратеници.

(Службите ги пребројуваат пратениците).

Во ред, гласањето е важечко, бидејќи во салата беа присутни 61 пратеник.

Констатирам дека Заклучокот не е усвоен.

**Минуваме на точка 13-Предлог за донесување на закон за изменување на Законот за здравствена заштита, со Предлог на закон.**

Предлогот за донесување на законот со Предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието ви се доставени, односно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на законот.

Молам, кој бара збор?

Има збор предлагачот Слободан Најдовски, повелете.

**Слободан Најдовски:** Почитуван господине потпретседателе, со оглед на тоа што се работи за два суштински исти закони кои се однесуваат на две различни теми, немам ништо посебно да додадам по однос на она што го кажа во образложението по претходниот закон.

Интересно е што по овој закон, иако се поднесени во ист ден, се однесуваат на слична проблематика, нема мислење од Владата на Република Македонија, но без разлика на тоа, јас останувам на моите тврдења кои ги изнесов по претходниот закон. Сметам дека ќе имаме позитивна ситуација до колку се усвои овој закон. Благодарам.

**Бесим Догани:** Ви благодарам господине Најдовски.

Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот Заклучок:

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за изменување на Законот за здравствената заштита.

Ве повикувам да гласаме.

Од 61 присутен пратеник гласаа 60, за гласаа 7, воздржано гласаа 6 пратеника, против гласаа 47 пратеника.

Констатирам дека Заклучокот не е усвоен.

Бидејќи дневниот ред е исцрпен, ја заклучувам Шеснаесеттата седница на Собранието на Република Македонија.

Продолжуваме утре во 11,00 часот по Дваесет и шестата седница. Ви благодарам.

(Седницата заврши со работа во 17,30 часот)